# Одбележување на 18ти декември, Меѓународен ден на работниците-мигранти и членовите на нивните семејства

**Вечерна програма за петок, 18.12.2015 година: ГЕМ клуб, Стара чаршија**

**18:00 – 19:30 - Јавна дискусија на тема: Правните и хуманите аспекти на темната страна на Балканската рута**

Здружени локални групи претепуваат и ограбуваат луѓе кои успеале да ја минат границата на Република Македонија. Организираниот криминал и ланец на криумчари долж т.н Балканска рута се вратија на дневен ред. Секојдневно расте ксенофобија кон луѓето кои транзитираат пеш по необезбедените патишта и пруги, со надеж дека ќе ја поминат територијата без да се сретнат со локални групи или полициски службеници кои ќе ги депортираат назад во Грција. Што се случи со Балканската рута? Какви последици предизвика одлуката за пропуштање на само одредени националности како што се Сирijци, Авганистанци и Ирачани? Што се случува со луѓето кои и покрај забраната за влез во Република Македонија, успеваат да влезат на територијата? Каков е нивниот правен статус и кој се нивните права? Дали имаме право да ги нарекуваме економски мигранти и да им забрануваме влез во Република Македонија? Имаат ли луѓето право на азил и право на работа?

**Модератор:**

Јасмина Голубовска, Фондација Отворено општество -Македонија

**Говорници:**

Воислав Стојановски, Хелсиншки комитет за човекови права на РМ

Зоран Дранговски, Македонско здружение на млади правници

Јасмин Реџепи, хуманитарна организација Легис-Скопје

Претставник/чка на ЛД Солидарност

#STATEOFSOLIDARITY

**19:30 – 20:00 - Краток документарец** – прикажување на лични приказни направени од страна на луѓе кои минале, минуваат низ Република Македонија или веќе пристигнале до посакуваната дестинација во некоја од европските држави

**20:00 – 20:30 - Мал коктел**